У-6.бр.690/2021
У-6.бр.692/2021

УПРАВНИОТ СУД преку претседателот на советот - м-р Дитурије Елези Незири, со записничар Моника Китановска - виш судски соработник, постапувајќи по службена должност, за поправање на решението на овој суд за укинување на клаузула на правосилност У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.692/2021 од 09.09.2021 година, на ден 28.10.2021 година, согласно член 331 од Законот за парничната постапка, а во врска со член 14 став 1 од Законот за управните спорови, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Се врши поправање на Решението на Управниот суд за укинување на клаузула на правосилност У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.692/2021 од 09.09.2021 година, на начин што во уводот, во диспозитивот и во образложението на истото, по бројот „У-6.бр.690/2021 и" наместо бројот „У-6.бр.690/2021" треба да стои бројот „У-6.бр.692/2021".

Ова решение е составен дел на Решението на Управниот суд за укинување на клаузула на правосилност У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.692/2021 од 09.09.2021 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Со решение на овој суд У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.692/2021 од 09.09.2021 година, се укинува клаузулата на правосилност на Решението на Управниот суд У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.692/2021 од 22.07.2021 година, кое станало правосилна на ден 19.08.2021 година.

Управниот суд, по предлог на тужителот и со претходен увид во Решението на овој суд за укинување на клаузула на правосилност У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.692/2021 од 09.09.2021 година, најде дека во текот на неговото писмено изготвување, е сторена очигледна грешка при пишувањето, така што, во уводот, во диспозитивот и во образложението на истото, по бројот „У-6.бр.690/2021 и" наместо бројот „У-6.бр.690/2021" треба да стои бројот „У-6.бр.692/2021".

Согласно член 14 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија" бр.96/2019), за прашања во постапката кои не се уредени со овој закон, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Согласно член 331 став 1 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015), грешките во имињата и броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, недостатоците во формата и несогласноста на преписот на пресудата со оригиналот, ќе ги поправи претседателот на советот, односно судија поединец во секое време. Во ставот 2, стои дека поправањето ќе

се изврши со посебно решение и ќе се внесе во оригиналот, а до странката ќе се достави препис од решението.

Согласно член 336 од Законот за парничната постапка, одредбите од членот 314, членот 323 став (2), членот 324 став (2), членот 325 став (2) и членовите од 326 до 331 на овој закон согласно ќе се применуваат и врз решенијата.

Со оглед на погоре наведеното, имајќи воедно предвид дека со ваквото поправање на решението не се менува неговата содржина, следуваше Управниот суд согласно член 331 од Законот за парничната постапка, а во врска со член 14 став 1 од Законот за управните спорови, да одлучи како во изреката на решението.

Решено во Управен суд на 28.10.2021 година, под У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.692/2021.

Записничар - виш судски соработник
Моника Китановска

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Виш управен суд.

Решението да се достави на:
- тужител, Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- тужен, Државната комисија за жалби по јавни набавки,
- з.л., „СТРАТИЛАТ“ ДООЕЛ Кичево,
- з.л. „ТС ВАЈД ЛАИФ“ ДООЕЛ Скопје

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri